Весна Кожинкова, с.р.

786.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК
ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТИПИОН 2011“-ШТИП

I

Се објавува Решение за именување на претставник во Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стипион 2011“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6927/2
03 ноември 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

787.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ” број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 , 35/19 и„Службен весник на РСМ” број 275/19, 89/20 и 274/22) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 03 ноември 2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК
ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„СТИПИОН 2011“ ШТИП

1. За претставник во Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стипион 2011“ Штип“, **се именува**:

- **Мирјана Ефремова**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6927 /1
03 ноември 2023 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

788.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА
ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА
НА СПОРТОТ ЗА 2023 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена на Програмата за активности на Општина Штип од областа на спортот за 2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6928/2
03 ноември 2023 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

789.

Врз основа на член 22-а став 2 од Закон за спортот („Службен весник на РМ“ број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16, и 190/16 и „Службен весник на РМ“ број 98/19 и 244/19), член 22 точка 6 и 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 03 ноември 2023 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИ НА
ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за активности на Општина Штип од областа на спортот за 2023година,(„Службен гласник Општина Штип” број 18/22), во делот ФИНАНСИРАЊЕ во точка I.Распоредување на буџетските средства во табелата број 2,во точката под реден број 1.Подршка на спортски екипи и спортски сојузи, износот на средствата „13.450.000,00“ денари се менува со „14.650.000,00“денари.

Во точка под реден број 4.Електрична енергија за Општинските фудбалски стадиони,износот на средства „1.250.000,00”денари се менува со „250.000,00“ денари.

Во истата табела, во графата вкупно,износот на средства „15.100.000,00“ денари,се менува и гласи „15.300.000,00“ денари.

II

Оваа Предлог-Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6928 /1
03 ноември 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

790.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АНЕКС
НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ„ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП
ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за донесување на Анекс на Годишна програма за работа на ООУ„Ванчо Прке“-Штип за учебната 2023/2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6929/2 — Општина Штип
03 ноември 2023 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

791.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 49 став 8 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ број 161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на одржана на 03 ноември 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА АНЕКС НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
ООУ„ВАНЧО ПРКЕ“ШТИП ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се донесува анекс на Годишна програма за работа на ООУ„Ванчо Прке“Штип за учебната 2023/2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6929/1 — Совет на Општина Штип
03 ноември 2023 година — Претседател,

Ш т и п — Весна Кожинкова, с.р.

792.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ-СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИ ОД ООУ„ТОШО АРСОВ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за давање позитивно мислење-согласност на програма за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ученици од ООУ„Тошо Арсов“-Штип во учебната 2023/2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6930/2 | Општина Штип
03 ноември 2023 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

793.

Врз основа на член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) и член 7 став 1 од Правилник за начинот на изведување на ученички екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта број 12-13487/1 од 19.11.2019 година и Правилник за дополнување на Правилникот  за начинот на изведување на ученички екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта број 12-11297/1 од 15.10.2020 година, Советот на Општина Штип на седницата одржана на одржана на 03 ноември 2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ-СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИ ОД ООУ„ТОШО АРСОВ“-ШТИП ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

I

Се дава позитивно мислење-согласност на програма за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на ученици од ООУ„Тошо Арсов“-Штип во учебната 2023/2024 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6930 /1 Совет на Општина Штип
03 ноември 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

794.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ ЗА АКТЕРОТ ДИМИТАР ЗАЈКОВ-ЗАЈЧЕТО

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за реализација на документарен филм за актерот Димитар Зајков-Зајчето.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6931/2 Општина Штип
03 ноември 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

795.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 03 ноември 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОКУМЕНТАРЕН ФИЛМ
ЗА АКТЕРОТ ДИМИТАР ЗАЈКОВ-ЗАЈЧЕТО

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 6.000,00 денари за реализација на документарен филм за актерот Димитар Зајков-Зајчето.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6931/1 | Совет на Општина Штип
03 ноември 2023 година | Претседател,

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

796.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ
ЗА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАР

I

Се објавува Одлука за еднократна парична помош за причинета штета од пожар.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6932/2 Општина Штип
03 ноември 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

797.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 03 ноември 2023 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ
ЗА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАР

Член 1

Се доделува еднократна парична помош за причинета штета од пожар на Суза Донева во висина од 6.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6932/1 Совет на Општина Штип
03 ноември 2023 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

798.

До:

***Репро Принт дооел Скопје***

***Бул.Јуриј Гагарин бр.15, 1000 Скопје***

***marketing@novamakedonija.com.mk***

Предмет: Барање

Почитувани,

Општина Штип, има потреба да изврши достава на писмено - Известување за издадено одобрение за градење на непосреден сосед УП1бр.18/23-54 од 19.7.2023 година кое се однесуваат на повеќе странки со непознато престојувалиште за органот.

Поради ова, а во смисла на чл.84 став 2 од Законот за општата управна постапка, потребно е да се изврши јавна објава со цел да се постигне уредна достава на Известување за издадено одобрение за градење на непосреден сосед УП1бр.18/23-54 од 19.7.2023 година

Објавата јавниот орган ја врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена.

Бараме од Вас да извршете објава, во смисла на погоренаведеното, на следниот текст:

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Штип, поради фактот дека живеалиштето на странките е непознато за јавниот орган чие писмено се доставува и поради фактот дека се работи за акт кој се однесува на повеќе странки со оваа јавна објава, на лицата Емилија Гранкова со адреса Виена, Австрија (согласно ИЛ бр.18675 КО Штип 4) и Дамјан Гранков со адреса Виена, Австрија (согласно ИЛ бр.18675 КО Штип 4) и Весна Димитрова со адреса ул:„Ванчо Прке“бр.65/6 Штип, врши достава на Известување за издадено одобрение за градење на непосреден сосед УП1бр.18/23-54 од 19.7.2023 година со кое според член 62-а од Закон за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 79/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22) со кое се известуват дека, како непосредни соседи, во рок од 15 дена од приемот на известувањето, може да извршат увид во проектната документација и доколку имаат забелешки по одобрението УП1бр.18/23-54 од 6.7.2023 година за изградба на семејна куќа на КП 8312/1 КО Штип 4 на инвеститорот Слободан Синев, да достават жалба по истото.

Доколку во овој рок не извршат увид во основниот проект и не достават жалба

против истото одобрението станува правосилно според член 62-а од Закон за градење
Оваа објава се смета за уредна достава според чл.84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ “ 124/15), а негативните последици кои можат да настанат ги сноси странката.
Општина Штип, Градоначалник, Иван Јорданов

Бараме текстот да биде објавен на намала можна површина.

УП1бр.18/23-54
25.10.2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

799.

ОПШТИНА ШТИП
Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќај и патишта

**ИП.бр.23/23-345**
**30.10.2023 год.**
Број на градежен дневник 47

Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќајот и патишта, при Општина Штип, преку Општински градежен инспектор Весна Зенделова и службена легитимација бр.33-0005, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор НЕПОЗНАТ со адреса на седиште НЕПОЗНАТ, и со Записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.23/23-345 од 27.10.2023 година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83, став 3 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр.102/19) а согласно чл.134ст.1 алинеја 1 и чл.137 од Законот за градење(Сл.весник на РМ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 244/2019, 18/2020 и 279/2020), го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се НАРЕДУВА на имателот на градбата НЕПОЗНАТ со адреса на седиште НЕПОЗНАТА, како субјект на инспекцискиот надзор, да ги отстрани недостатоците утврдени во Записник број ИП бр. 23/23-345 од 27.10.2023годинаи тоа:

   Да ја отстрани градбата од втора категорија од Законот за градење – ГАРАЖА изградена на дел КП бр.4824/1 за КО Штип 3, со димензии: 3,50м / 7,50м или површина од 26,25м² изведен во завршна фаза.
2. Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение изнесува 15 (петнаесет) дена.

3. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта (vesna.zendelova @stip.gov.mk, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
4. Се задолжува субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на ова решение во рок од 15(петнаесет) дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор во износ од / денари на жиро сметка бр.______.
5. Ако субјектот/инвеститорот не ја отстрани бесправно изведената градба, во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување за отстранување на истата.
6. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Одделение за градежен надзор и надзор над сообраќајот и патишта врз основа на чл.56, чл.57ст2, чл.79. ст 5 и чл.137 од Закон за градење (Сл.весник на РМ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 244/2019, 18/2020 и 279/2020) и чл.62, чл.71, чл.72,чл.82 од Законот за инспекциски надзор(Сл. Весник на РМ бр.102/2019), преку Општински градежен инспектор Весна Зенделова, на ден 24.10.2023год. изврши вонреден инспекциски надзор на дел од КП бр.4824/1 за КО Штип 3, запишана на ИЛ. Бр.100740 за КО Штип 3 во сопственост на Република Северна Македонија, врз основ на што состави Записник број ИП бр.23/23-345 од 27.10.2023год. во кој е констатирано:
На дел од КП бр.4824/1 за КО Штип 3 на површина со намена Д3 – спорт и рекреација е изграден објект – ГАРАЖА со димензии во основа 3,5м/7,5м или површина 26,25м².
Објектот е изграден во цврста градба од масивен конструктивен систем со исполна од шупли керамички блок, обработен од надвор со фасада со обично малтерисување. Кровната конструкција е дрвена на една вода со покрив валовит

салонит. За влез во објектот на југозапд е изведена гаражна лимена врата. Катноста на објектот е приземје.
Објектот е изграден како лепенка на северозапад на постоен објект изграден на КП бр.4822 со намена Б1-3 во сопственост на ДПТ Мак промет АД Штип.
На денот на увидот 24.104.2023 година не беше можно да се обезбеди субјектот на надзорот, иако од страна на општински градежен инспектор на ден 20.10 2023 година беше оставено покана на странка, за кое нешто на ден 20.10.2023 година е составена и службена белешка. Во дадениот рок во просториите на секторот за инспекциски работи не се јави никој, така што не е можно да се утврди кој е субјект на надзор
Како резултат што не беше можно да се утврди субјектот на наздорот, а имајќи во предвид дека објектот не е запишан на имотен лист – увид во гис порталот на АКН, каде е утврдено дека на КП бр. 4824/1 не е евидентиран предметниот објект. Земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост Република Северна Македонија запишано на ИЛ. Бр.100740 за КО Штип 3.
Согласно ова, општински градежен инспектор изврши увид во електронскиот систем е градежна дозвола и утврди дека за предметниот објект - ГАРАЖА нема заведено постапка за добивање на решение согласно член 73 и член 74 од Законот за градење.

Согласно констатацијата дека за предметниот објект не е водена постапка согласно одредбите од Законот за градење, а истиот претставува пречка за реализација на ДУП „Автокоманда“ дел од УЕ 27 и дел од УЕ 31 со намена Д3 – спорт и рекреација, согласно извод со број 18-1223/2 од 14.02.2023 година издаден од надлежен орган на Оштина Штип, однсно претставува бесправна градба, општински градежен инспектор донесе решение за отстранување согласно член 131 од Законот за градење

Согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/2019, 18/2020 и 279/2020), Овластениот градежен инспектор определи мерки од членовите како во диспозитивот на ова решение.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение, со кое се наредува отстранување на бесправно изведената градба, согласно чл.137ст.5 од Законот за градење, не го одлага извршувањето на Решението.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против Решението на овластениот градежен инспектор може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и

прекршочна постапка со доказ за платена административна такса (,,Службен гласник на Р,М.,,бр.17/93 и 88/08).

Решено во Одделение за градежен надзор, надзор над сообраќајот и патишта при Општина Штип, под ИП.1. број 23/23-345 од 30.10.2023год.

| | |
|---|---|
| Печат и потпис на инспекторот | Весна Зенделова д.и.а. с.р.<br>Општински Градежен Инспектор Штип<br>сл.лег.бр. 33-0005 |
| Датум: | 30.10.2023год. |

800.

Врз основа на член 50 став 1 точка 13, 14 и 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 36 став 1 алинеја 9 и 10 од Статутот на општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14, 08/20 и 05/21), а согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл.весник на РСМ бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување на службеник за млади**

1. Давид Ѓеоргиев вработен во Општина Штип и распореден на работно место со звање – Советник за одржување на информатички системи се назначува за службеник за млади.
2. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:

- развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики;
- поддршка на работата на локалната самоуправа, локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност;
- одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите;
- следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите;
- обезбедување информации и информирање на младите;
- водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;

- редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт;
- да биде контакт за сите младински прашања на локалната самоуправа кон младите и јавноста; и
- службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.

3. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението број 09-3498/1 од 03.06.2022 година.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 09-6364/1
10.10.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

801.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и “Службен весник на РСМ” број 275/19 и 89/22), член 50, став 1, точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ “ИСАР” ШТИП

1. **СЕ РАЗРЕШУВА** Кирил Зајков од функцијата Вршител на должност Директор на Јавното претпријатие за комунално - производни и услужни дејности „Исар” Штип.

2. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Штип”.

*о б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и “Службен весник на РСМ” број 275/19 и 89/22), како и врз основа на член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Незадоволната странка против ова Решение има право да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3006/6
01.11.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

802.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и “Службен весник на РСМ” број 275/19 и 89/22), член 50, став 1, точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА –ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ “ИСАР” ШТИП

1. За вршител на должноста - Директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни дејности “Исар” Штип, се именува **Кирил Зајков од Штип.**

2. Вршителот на должноста - директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на ЈП “Исар” Штип, сметано од 01.11.2023 година

3. Се задолжува вршителот на должноста - директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.
4. Функцијата вршител на должност - директор ќе се извршува се до изборот на Директор на ЈП "Исар" Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Штип".

*о б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" број 275/19 и 89/22), како и врз основа на член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Незадоволната странка против ова Решение има право да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3006/7 Општина Штип
01.11.2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

803.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" број 275/19 и 89/22), член 50, став 1, точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТИПИОН 2011" ШТИП

1. **СЕ РАЗРЕШУВА** Панче Стефановски од функцијата Вршител на должност Директор на Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално услужни дејности "СТИПИОН 2011" Штип.

2. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работел пред да биде избран за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

*о б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" број 275/19 и 89/22), како и врз основа на член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Незадоволната странка против ова Решение има право да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3007/6
01.11.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

804.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" број 275/19 и 89/22), член 50, став 1, точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА –ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТИПИОН 2011" ШТИП

1. За вршител на должноста - Директор на Јавното претпријатие “СТИПИОН 2011” Штип, се именува **Панче Стефановски од Штип.**

2. Вршителот на должноста- директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на ЈП “СТИПИОН 2011” Штип, сметано од 01.11.2023 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста - директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должност - директор ќе се извршува се до изборот на Директор на ЈП “СТИПИОН 2011” Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Штип”.

*о б р а з л о ж е н и е*

Врз основа на на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и “Службен весник на РСМ” број 275/19 и 89/22), како и врз основа на член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Незадоволната странка против ова Решение има право да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-3007/7
01.11.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

805.

Врз основа на член 120 став 9 и член 124, став 1, алинеја 1 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и

5/21) и барање од В.Д. Директор Ивана Арсов со број 09-3609/9 од 31.10.2023 година, Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА
ВРШИТЕЛ НА ДОЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА” - ШТИП

1. **СЕ РАЗРЕШУВА** Ивана Арсов – дипломиран економист, од функцијата – Вршител на должноста Директор на Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” – Штип, на нејзино барање на ден 31.10.2023 година.
2. Лицето кое се разрешува во рок од 15 дена по разрешувањето се враќа на работа каде работело пред да биде избрано за директор на вршење на работите кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
3. Во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, се именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Штип”.

Број 09-3609/10 | Општина Штип
31.10.2023 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

806.

Врз основа на член 120, став 9 и член 126 од Законот за заштита на децата (“Службен весник на РМ” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
–ДИРЕКТОР НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
-ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА”-ШТИП

1. За вршител на должноста - Директор на Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” -Штип, се именува **Ивана Ангеличкова – дипломиран правник.**
2. Вршителот на должноста - директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на Јавната установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” -Штип, **сметано од 01.11.2023 година.**
3. Се задолжува вршителот на должноста - директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.
4. Функцијата вршител на должност - директор ќе се извршува се до изборот на Директор на Јавната установа за деца – Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена” - Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 09-3609/11 Општина Штип
01.11.2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

807.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5 од 29.01.2002 год), во врска со член 36 став 1 алинеа 9 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) и Известување за еднострано раскинување на Договор за давање под закуп на недвижна ствар-Хотел Гарни склучен на ден 10.08.2016 година помеѓу Општина Штип, ул.„Васил Главинов“ бр.4Б во својство на закуподавец и ДПТ„БАЛЕКО“ ДОО Штип, ул.„Гоце Делчев“ бр.44 во Штип во својство на закупец, солемизиран кај Нотар Ленче Т Каранфилова на ден 17.10.2016 година под ОДУ бр.1013/16, со број 09-6368/2 од 27.10.2023 година, Градоначалникот на Општина Штип донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ВРАЌАЊЕ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ОБЈЕКТ ДАДЕН ПОД ЗАКУП (ХОТЕЛ ГАРНИ)

1. Се формира **Комисија за враќање во владение на објект даден под закуп (Хотел Гарни),** врз основа на неисполнување одредби од Договор за давање под закуп на недвижна ствар-Хотел Гарни склучен на ден 10.08.2016 година помеѓу Општина Штип, ул. „Васил Главинов“ бр.4Б во својство на закуподавец и ДПТ„БАЛЕКО“ ДОО Штип, ул.„Гоце Делчев“

бр.44 во Штип во својство на закупец заведен под архивски број 03-534 од 23.09.2016 година и наш архивски број 03-536/9 од 10.08.2016 година, солемизиран кај Нотар Ленче Т Каранфилова на ден 17.10.2016 година под ОДУ бр.1013/16 и Известување за еднострано раскинување на Договор за давање под закуп на недвижна ствар-Хотел Гарни склучен на ден 10.08.2016 година помеѓу Општина Штип, ул.„Васил Главинов“ бр.4Б во својство на закуподавец и ДПТ„БАЛЕКО“ ДОО Штип, ул.„Гоце Делчев“ бр.44 во Штип во својство на закупец, солемизиран кај Нотар Ленче Т Каранфилова на ден 17.10.2016 година под ОДУ бр.1013/16, СО БРОЈ 09-6368/2 од 27.10.2023 година во следниот состав:

| | |
|---|---|
| **Катерина Везенковска** | **Претседател** |
| **Весна Зенделова** | **Член** |
| **Лазо Богатинов** | **Член** |

2. Членовите на **Комисија за враќање во владение на објект даден под закуп (Хотел Гарни)** од точка 1 од ова решение имаат задача да изготват записник за примопредавање на владението на објект во сопственост на Општина Штип – Хотел Гарни.

3. Примопредавањето ќе се изврши на 01.11.2023 година, во 10:00 часот во просториите на хотел Гарни.

4. Решението влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6368/3
01.11.2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.